## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „БИЗНИС ЕКОНОМИЈА: ОСНОВНИ КВАНТИТАТИВНИ МИКРОЕКОНОМСКИ МЕТОДИ” ОД ДОЦ. Д-Р ДАРКО ЛАЗАРОВ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1202-182/12 од 163. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет во Штип, одржана на 25.10.2018 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Гоце Петрески,
– проф. д-р Владимир Филиповски,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „БИЗНИС ЕКОНОМИЈА: ОСНОВНИ КВАНТИТАТИВНИ МИКРОЕКОНОМСКИ МЕТОДИ” од доц. д-р Дарко Лазаров, наменет за студентите на прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Општи податоци за ракописот: Учебното помагало со наслов „Бизнис економија: основни квантитативни микроекономски методи” од доц. д-р Дарко Лазаров е труд од областа на применета микроекономија. Практикумот е наменет за студенти на прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Збирката задачи е базирана на разработка на основните микроекономски концепти и модели преку користење на квантитативни пристапи, математички формули и равенки, графички и табеларни прикази, практични примери и различни категории прилози.

Податоци за на обемот ракописот: Ракописот содржи 81 страници (со формат А4, нормален пропред и фонт со големина 11) и е систематизиран во целина која третира одделни практични аспекти и проблеми од микроекономијата и економијата на бизнисот. Обемот на практикумот и неговата содржина се во рамките на нормираните критериуми и предвидениот фонд часови во практичниот сегмент од предметот Микроекономија.

Податоци за постоење на сличен или ист наслов: Во Република Македонија досега се објавени книги и учебници кои се во употреба во високообразовните институции во земјата. Практикумот е комплеметарен со постојните публикации и овозможува проширување на практичните пристапи во примената на микроекономските модели и методи при решавањето конкретни проблеми во бизнисот.

Краток опис на содржината: Ракописот се состои од три дела. Првиот дел содржи практични прашања поврзани со бизнис економијата и основните економски принципи и прашања поврзани со процесот на донесување бизнис одлуки. Вториот дел го разработува моделот на понуда и побарувачка, како и моделот на ценовна и доходна еластичност на побарувачка преку практични задачи и конкретни студии на случај. Третиот дел ја разработува врската меѓу бизнисот и економската дисциплина, преку прашања, проблеми и практични студии на случај, кои се однесуваат на производството и трошоците на фирмите.

**ЗАКЛУЧОК**

Ракописот со наслов „Бизнис економија: основни квантитативни микроекономски методи” од доц. д-р Дарко Лазаров е практикум кој разработува одделни технички прашања и економски проблеми поврзани со микроекономијата и бизнис економијата, од практична перспектива, преку примена на конкретни студии на случај и поставени задачи.

На тој начин се овозможува на студентите да се стекнат со корисни знаења за примена на основните микроекономски концепти и принципи во реални економски и бизнис ситуации. Таквото знаење би било корисно во пристапите кон решавање на конкретни хипотетички економски и бизнис проблеми.

Врз основа на погоре искажаното, му предлагаме на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Штип да го одобри за издавање учебното помагало (практикум) со наслов „Бизнис економија: основни квантитативни микроекономски методи” од доц. д-р Дарко Лазаров.

**Рецензенти**

**Проф. д-р Гоце Петрески, с.р.**

**Проф. д-р Владимир Филиповски, с.р.**